ЗАПИСНИК
за текот на постапката за селекција на кандидати за членови на Надзорен Одбор на ЈП ,, Паркиралишта Струмица,, Струмица

На ден 24.01.2024 година, согласно член 7 став 2 од Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, образците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија (Службен Весник на РСМ бр.283/2022), Комисијата за селекција оддржа состанок на кој се изврши утврдување на податоците на сите кандидати кои се пријавиле на Јавниот повик за членови на Надзорен Одбор на ЈП ,, Паркиралишта Струмица,, Струмица кои учествувале во постапката на селекција по фази, попис на документацијата која ја приложиле и бодовите кои кандидатите ги освоиле во секоја од фазите на постапката на селекција.

До Архива на општина Струмица, за членови на Надзорен Одбор на ЈП ,, Паркиралишта Струмица,, Струмица се доставени вкупно 2 пријави и тоа:

1. **Андријана Крстев– кандидат за член со работно искуство од областа на финансиското работење** со следната приложена документација:
   - Образец за пријавување на Јавен повик за именување на членови на Управен/Надзорен одбор на јавно претпријатие;
   - Уверение за државјанство;
   - Уверение за завршено високо образование;
   - Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   - Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж;
   - Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација;
   - Кратка биографија;
   - Писмо за интерес/мотивација;

Во Фаза 1 - администаративна селекција кандидатот Андријана Крстев освои 40 бодови, а во Фаза 2- интервју освои 40 бодови, или вкупно 80 бодови

2. **Доне Делев –кандидат за член со работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие** со следната приложена документација:
   - Образец за пријавување на Јавен повик за именување на членови на Управен/Надзорен одбор на јавно претпријатие;
   - Уверение за државјанство;
   - Уверение за завршено високо образование;
   - Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   - Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж;
   - Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација;
   - Кратка биографија;

- Писмо за интерес/мотивација;.

Во Фаза 1 - администаративна селекција кандидатот Доне Делев освои 45 бодови, а во Фаза 2- интервју освои 40 бодови, или вкупно 85 бодови.

Датум:
24.01.2024 год.

Комисија за селекција:

1. Алксандар Оџаков. претседател _______________

2. Илија Тилев – зам.член __________________________

3. Тања Медарска – зам.член ________________________